

# АЛЕКСАНДАР ШАХОВ

**ДИРЕКТОР НА ПРОЕКТОТ ЗА ДЕЛОВНО ОПКРУЖУВАЊЕ НА УСАИД**

# БИЗНИС КЛИМАТА ВО МАКЕДОНИЈА СЕ ПОДОБРУВА, ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНИТЕ Е ПРИОРИТЕТ

Верица Јорданова
jordanova@kapital.com.mk

**Проектот за деловно опкружување на УСАИД, опфаќа пет области. Кажете ни нешто повеќе за активностите и целите кои сакате да ги постигнете?**

Би издвоил само некои позначајни резултати бидејќи работиме во навистина многубројни и комплексни области, во рамките на кои спроведуваме голем број активности. Така, горди сме на работата во подобрувањето на процедурите за увоз и извоз, односно за прометот на стоки и услуги со странство. Со Царинската управа работиме на воспоставување на едношалтерски систем, преку кој сите документи за добивање на извозни дозволи по електронски пат би биле координирани преку Царинската управа. Тоа е класичен едношалтерски систем. Станува збор за пилот- проект и очекуваме дека оваа пролет тој ќе може да профункционира. Воспоставувањето на дијалог меѓу јавниот и приватниот сектор при креирањето на економската и трговската политика е, исто така, наша значајна проектна активност. Во текот на првата година на проектот многу работевме на ревитализирање на Националниот совет за претприемништво и конкурентност, преку кој дијалогот би бил институционализиран, координиран и канализиран. Направивме и еден предлог-прирачник за интегрирање на економската политика што го доставивме до Владата и се надеваме дека наскоро ќе добиеме коментари. Во рамките на првата компонента – дијалог меѓу јавниот и приватниот сектор и олеснување на трговијата со стоки и услуги, тоа се главните активности.

Во ниту една од овие компоненти не влегува, но е многу значаен нашиот придонес во реализацијата на проектот на Владата „регулаторна гилотина". На барање на вицепремиерот Ставревски, наши експерти разгледаа шеесетина закони и подзаконски акти, по што на Владата ѝ доставивме над 50 предлози за укинување или подобрување на дел од законодавството. Некои од нашите предлози веќе се усвоени, дел се во фаза на разгледување. И покрај тоа што оваа активност не беше предвидена на почетокот на реализацијата на проектот, ние ја вградивме во нашата програма бидејќи оценивме дека одлично се вклопува во нашата генерална цел - подобрување на деловното опкружување во земјата.

Во рамките на втората компонента- Правна и регулаторна рамка - вниманието најмногу го насочуваме кон популаризација на концептот на корпоративно управување во акционерските друштва. Во изминатата година имавме низа активности преку кои ја промовиравме имплементацијата на кодексот на корпоративно управување од страна на домашните компании, одржавме серија обуки во рамките на посебна програма за едукација на група котирани и супер котирани компании, издадовме публикации од оваа област, а во соработка со Проектот за корпоративно управување на Меѓународната финансиска корпорација и Македонската берза, го издадовме и Прирачникот за корпоративно управување во македонските акционерски друштва. Покрај Македонската берза, наши партнери во активностите од областа на корпоративното управување сè и Комисијата за хартии од вредност и здружението *Акционер 2001*.

Во рамки на втората компонента мислам дека апсолутно најважен постигнат резултат во првата година од проектот е донесувањето на новиот Закон за јавни набавки. Проектот го реализиравме на иницијатива на Министерството за финансии, која се базираше на важноста на материјата како за државата, така и за бизнисот и за граѓаните. Во одлична соработка со Бирото за јавни набавки, успеавме за многу кус временски период Законот да биде изготвен и донесен од страна на Собранието. Во следната фаза ќе ја поддржуваме примената на овој закон. Знаете, пишувањето на законите е важно, но еднакво толку е важна и нивната примена во практиката. Во текот на 2008 година, ќе организираме обука за сите заинтересирани страни од аспект на имплементацијата на Законот за јавни набавки, кој според сите оценки и критериуми е модерен и, исто толку важно усогласен со ЕУ- директивите од областа на јавните набавки.

Многу направивме и во рамките на имплементацијата на Законот за стечај. Тука особено внимание посветивме на стечајните управници и на нивната обука. Заедно со Министерството за економија организиравме целосен тренинг на потенцијалните стечајни управници, по што

## КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ИЗВОЗ

Веќе традиционално, по трет пат во 2007 година, организиравме годишна конференција за унапредување на извозот во соработка со Министерството за економија. Минатата година се одржа третата, во април или мај би требало да се одржи четвртата конференција на која присуствуваат педесетте најголеми извозници од Македонија, но и други бизнис- субјекти и претставници од Владата. Од конференцијата произлегуваат заклучоци. Минатата година овие заклучоци заедно со Министерството ги сублимиравме и ги доставивме до Владата. Дел од нив веќе се усвоени, така што и преку оваа конференција се обидуваме да го доближиме бизнисот до Владата. Од конференциите произлегуваат и годишни извештаи за надворешната трговија на Република Македонија.

97% од кандидатите кои ја поминаа обуката, го положија испитот и добија сертификати. Ние и понатаму продолжуваме со овие активности и обуки. Помогнавме и во основањето на Комората на стечајни управници, но не застанавме тука. Организиравме голем број средби на сите засегнати страни, тоа значи на стечајните управниции, судиите, компаниите и доверителите, со цел на едно место, во серија обуки и работилници, да ги разменат искуствата и да ги изнесат своите предлози за натамошно подобрување на законот. Во нашата програма за работа, Законот за стечај останува еден од главните приоритети бидејќи наша намера е да помогнеме во неговото идно подобрување.

■ **Важно е да се спомне дека сите овие активности што ги правите се во координација со Владата и владините институции за да имаат поголем ефект и да бидат усогласени со активностите на други институции?**

Апсолутно, наш главен партнер е Владата. Ние имаме работен план што го усогласуваме со владините институции и секаде каде што е потребно и каде што сметаме дека можеме да дадеме придонес, планираме активности што ги вклучуваме во работниот план.

Како пример би ги издвоил активностите што ги реализираме во соработка со Комисијата за хартии од вредност. Со оглед на растечкиот интерес за инвестирање преку Македонската берза, со Комисијата и со Меѓународната финансиска корпорација издадовме брошура под наслов "Инвестирајте мудро", со која сакавме во вистински момент да предупредиме на сериозноста на инвестирањето како одлука. Во брошурата укажавме дека при инвестирањето особено треба да се мисли на ризиците.

Од аспект на брзо реагирање преку поддршка на актуелни проекти на државата, добар пример е и нашата соработка со Агенцијата за странски инвестиции. Во рамките на нивниот напор за привлекување инвестиции во државата, изготвивме физибилити студија за индустриската зона Бунарџик. Или нашата работа поврзана со подигање на свесноста за потребата од заштита на интелектуалната сопственост. Во оваа работа се вклучивме веднаш по нејзиното идентификување како приоритет. Сакам да ги спомнам и нашите напори за воспоставување на континуиран дијалог меѓу јавниот и приватниот сектор, за што Владата е мошне заинтересирана, а ние го помагаме тој процес со ангажирање на мошне искусни консултанти. Во таа смисла, соработуваме и со стопанските комори, со кои настојуваме да изработиме документ кој би претставувал определена предлог-платформа за владините економски политики.

### ОЛЕСНУВАЊА ЗА ТЕКСТИЛЦИТЕ

Заедно со Царинската управа финансираме еден пилот- проект за изработка на софтвер кој ќе им помогне на текстилните компании, особено во Штип и регионот за намалување на гаранцијата што се бара при увозот на репроматеријали. Со овој софтвер Царината би требало да има поголема контрола врз процесот, а со тоа да се намали што е можно повеќе износот на гаранцијата што се бара за овие фирми за да се олесни текстилното производство.

■ **Според директорката на УСАИД, децентрализацијата е најголемиот предизвик со кој се соочува Македонија?**

На ова поле многу сработивме во првата година на проектот. Ќе го издвојам проектот со четири пилот-општини (Велес, Струмица, Битола и Струга) што ги обучивме да изготвуваат планови за капитални инвестиции, а им беше презентирана и методологијата за подготовка на подолгорочните планови. Организиравме и обука за самопроценка на кредитниот рејтинг на општините, како и за техниките за аплицирање пред финансиските институции. Според моделот на кредитен рејтинг што го изработија нашите експерти, некои од нашите општини веќе вршат проценка на својот капацитет за задолжување.

Од први јануари оваа година, општините го стекнаа правото на задолжување, така што наша намера беше да им помогнеме подготвени да влезат во таа фаза.

**Проектот за деловно опкружување на УСАИД е петгодишен проект кој што започна во октомври 2006 година. Тој претставува продолжение на досегашните напори на УСАИД за помош на Македонија во економската сфера. Како што кажува и самото име, активностите на проектот се насочени кон подобрување на бизнис опкружувањето што претежно подразбира подобрување на законодавството во насока на создавање на добар амбиент за водење на бизнис.**

**"Наши главни партнери сè Владата, државните институции и регулаторните тела бидејќи проектот е дизајниран главно да работи со институциите на државата, одговорни за воспоставување на законската рамка. Работиме и со приватниот и со невладиниот сектор, бидејќи тоа што го правиме со Владата сакаме да има што е можно поголем ефект во пракса", вели** Александар Шахов, **директор на овој проект.**

**Проектот за деловно опкружување е многу комплексен и ги опфаќа оние области кај кои беше потребна најголема поддршка и подобрување.**

**На овој проект работат дваесеттина експерти, а се спроведува и програма за стажанти од факултетите во Македонија со цел младите генерации да се подготват за натамошна работа.**

Целата активност ја реализиравме со Министерството за финансии, со кое во фазата на зрелост на целата работа организиравме голема конференција, на која беа разменети ставови за иднината на фискалната самостојност на општините меѓу локалната и централната власт. Сакам да напомнам дека во рамките на компонентата со која ги опфаќаме небанкарскиот финансиски сектор, јавните капитални инвестиции и децентрализацијата подготвуваме три закони: нов Закон за инвестициски фондови, Закон за финансиски друштва и Закон за кредитни унии.

Со Законот за финансиски друштва ќе биде регулирано основањето и работењето на фирмите од финансискиот сектор кои не работат со депозити од граѓани, а нудат финансиски услуги, додека со Законот за кредитни унии ќе се воведе познатиот модел на финансиски задруги, преку кои членовите на задругите ќе можат взаемно да позајмуваат пари под определени услови.

**Пазарот на труд многу често е мета за критика во насока дека нема доволно кадри на нашиот пазар соодветни на потребите од бизнис секторот?**

Цел на нашиот проект е со подобрување на целото бизнис- опкружување да се постигне намалување на невработеноста. Наши партнери во оваа активност се Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување, но и синдикатите, Конфедерацијата на работодавачи, како и сите партнери во социјалниот дијалог.

Во оваа област работиме на преструктуирање на работењето на Агенцијата за вработување и нејзините услуги. Според проектните планови, во Агенцијата треба интензивно да почне да се применува проактивен пристап кон проблемот на невработеноста. За таа цел ние најпрвин го помагаме инфраструктурниот развој на оваа институција. Преку посебни ИТ алатки сакаме да го поедноставиме начинот на регистрација во Агенцијата за вработување, да поттикнеме промени во регулативата за да овозможиме електронско поврзување на лицата што бараат работа и компаниите/организациите што нудат работа. Поддржуваме и изготвување на анализи поврзани со пазарот на труд, кои ќе ја покажат структурата на пазарот, понудата и побарувачката. И можеби најважно, се обидуваме да воспоставиме систем на соработка помеѓу компаниите и системот на образование со цел наставните програми да се прилагодат кон реалните потреби на стопанството.

Во компонентата за поддржување на реформите од областа на трудот, нашиот проект помага и за заокружување на процесот на реформирање на пензискиот систем преку воведување на третиот, доброволен пензиски столб, а ја поддржуваме и натамошната изградба на капацитетот на пензискиот регулатор – МАПАС.

**Од кога започна транзицијата, сите се жалат на неповолна бизнис-клима во Македонија. Која е проценката за тоа која е бизнис-климата во Македонија и ако се гледа перспективно во еден период дали има некаков тренд на нејзино подобрување?**

Мојот личен став е дека во споредба со претходните години денес напредокот е забележителен, но вистината е дека транзицијата многу се одложи. Подобрување на бизнис- климата има; на тоа укажуваат и студиите на повеќе меѓународни институции. Во некои има поголеми подобрувања, некаде помали, но, генерално, работите одат напред. Од аспект на регулативата, можам да кажам дека имаме висок процент на усогласеност на домашното законодавство со правилата на СТО и на ЕУ. Она што ни фали е имплементацијата. И затоа се обидуваме на некој начин да ги подобриме условите. Ние веруваме и се надеваме дека и на крајот на втората година од нашиот проект ќе имаме уште повеќе конкретни резултати, но највидливи резултати очекуваме по завршувањето на проектот. Се разбира, тоа нема да биде резултат само на работата на нашиот проект, туку и на свесноста и агилноста на администрацијата и приватниот сектор за реформирање на системот. Особено е добро што државната администрација и приватниот сектор го отпочнаа дијалогот.

**Дали можете Вие лично, да идентификувате во овој момент во Македонија, која од овие сфери е поургентна за решавање во насока на подобрување на бизнис-климата?**

Уште од почетокот на нашиот проект беа утврдени некои приоритети и тоа до денес не се промени. Така, поддршката на Царинската управа во имплементација на современи, едноставни и транспарентни процедури останува еден од битните приоритети. Натаму, многу важна активност ќе продолжат да бидат напорите за институционализирање на дијалогот помеѓу јавниот и приватниот сектор и повторно заживување на работата на Националниот совет за претприемништво и конкурентност. Голем дел од енергијата во текот на оваа година ќе посветиме и на имплементацијата на Законот за јавни набавки и четврто и, конечно ќе ги интензивираме активностите за поддршка на процесот за зголемување на флексибилноста на пазарот на труд и намалување на невработеноста. Многу е значајно што со наша поддршка ќе се работи и на донесувањето на три нови закони, и тоа нов Закон за инвестициски фондови, Закон за финансиски друштва и Закон за кредитни унии. К


ВО КАПИТАЛ, 15 ФЕВРУАРИ, СПЕЦИЈАЛНО ИЗДАНИЕ




ЗА ИНФОРМАЦИИ И РЕКЛАМА: Јасмина Савовска Трошановски тел: ++ 389 2 3230 787 факс: ++ 389 2 3112 558 jasmina@kapital.com.mk